Врз основа на Акцискиот план на Локалниот економско-социјален совет на Општина Битола 2019-2022, Општина Битола објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2019 година за реализација на активности од акцискиот план на ЛЕСС 2019-2022

1.Овој повик се однесува на доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2019 година за промоција на активности од акцискиот план на локалниот економско-социјален совет во следните две мерки: **подобрување на социо-економската положба на населението** преку креирање на нови работни места и **социјално вклучување на ранливите категории** преку подобрување на вештините и капацитетите на ранливите категории

2.Критериуми за аплицирање

2.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

-Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

-Да имаат седиште во општина Битола

2.2.Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1.Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на младинската невработеност) | 30 |
| 3.Опис на акцијата/проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 30 |
| 4.Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост) | 20 |
| 5.Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 20 |
| **Максимум бодови** | **100** |

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови

3.Временски период за спроведување на проектните активности е декември 2019 година.

4.Висината на вкупните финансиските средства за реализација на овие две мерки изнесува 100.000 денари.

4.1.Здруженијата/фондациите имаат право да поднесат една апликација за финансиска поддршка во рамките на повикот.

4.2.Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички за еден предлог проект.

5.Потребна документација за пријавување

5.1.Заинтересираните здруженија/фондации потребно е да ја достават следната документација:

-Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во општина Битола)

-Тековна состојба од Централен регистар на РМ (копија или оригинал) не постара од 6 (шест) месеци.

5.2.Документацијата се доставува до Општина Битола –Одделение за економски развој, Булевар ,,1-ви Мај" бр.61, во рок од 8 дена од денот на објавување на овој повик (не сметајќи го денот на објавувањето), заклучно со 04.11 2019 година.

6. Користење на доделените средства

6.1.Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.

6.2 Одделението за економски развој го следи наменското трошење на доделените средства.

Бр.08-1149/1

26.11.2019

ГРАДОНАЧАЛНИК

м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА